Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 114, 2 декември 2013 година

декември 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации во туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по Пракса во хотелско-угостителски објекти“ од д-р Нако Ташков, д-р Никола В. Димитров и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по Хотелиерство“ од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија - одбрани теми“ за студентите по стоматологија од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија со нега“ за студентите на Високата здравствена школа, тригодишни студии за физиотерапевти, од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 29

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата „Вовед во фармација“ од доц. д-р Бистра Ангеловска, асс. м-р Верица Ивановска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта со наслов „Ревизија (теоретски и практични аспекти)“ од доцент д-р Јанка Димитрова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Осврт кон меѓународните стандарди за финансиско известување“ од доц. д-р Александар Костадиновски и доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Финансиска либерализација и финансиска стабилност” од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Современи тенденции на јавното здравство” од проф. д-р Круме Николоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Архитектура на компјутери“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и асс. м-р Тодор Чекеровски, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 53

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Автоматизација и процеси“ од доц. д-р Роман Голубовски, Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно–научниот совет на единицата ........ 57

**ПРИГОВОР** поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ........ 58

**ОДГОВОР** по Приговор поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ........ 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „СОВРЕМЕНИ ТЕНДЕНЦИИ НА ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО" ОД ПРОФ. Д-Р КРУМЕ НИКОЛОСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, како и Одлуката бр. 1702 – 342/8 од 65. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 11.11.2013 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Трајко Мицески, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,
- проф. д-р Ристо Фотов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис со наслов **„СОВРЕМЕНИ ТЕНДЕНЦИИ НА ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО"** од авторот проф. д-р Круме Николоски, наменет за студентите од прв и втор циклус студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. По предлогот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***1. Општи податоци и значењето на предметната содржина што се обработуваат во трудот***

Трудот, односно учебникот ја опафаќа наставната материја што се изучува во првиот семестар од прва година на Економскиот факултет на насоката Здравствен менаџмент при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во трудот се обработуваат содржини наменети за прв циклус и втор циклус студии на насоката Здравствен менаџмент. Од направената анализа овој научен труд на исклучителен начин, научно и стручно ја обработил комплексната материја, а во исто време е и многу актуелна проблематика.

Од претходно изнесеното, ова учебник го сметаме за особено значаен, како од теоретско-методолошки, така и од практичен аспект. Темите коишто се предмет на обработка и начинот на нивното хронолошко објаснување придонесуваат студентите запишани на оваа насока успешно да ја совладаат материјата по предметот Јавното здравство. Конкретно, сметаме дека обработената материја во овој труд ќе им биде од мошне голема корист не само на студентите, туку и на стручните јавно-здравствени професионалци кои се занимаваат со соодветната проблематика во системот на здравството и здравствената заштита при процесот на менаџирањето на јавно здравствените установи и институции како клучна претпоставка за успешно извршување на планираните задачи. И во таа насока се заложбите на авторот да ја оформи потребната литература од областа на јавното здравство и функционирањето на јавно-здравствениот систем во целина.

***2. Податоци за обемот на ракописот со проценка за придонесот за развој на научната мисла***

Врз основа на презентираниот труд за развој на научната мисла, ова дело претставува научен и оригинален израз во кој на доста елоквентен и разбирлив начин се разработени и објаснети здравствените појави и процеси во полето на јавното здравство и истите се соодветно поткрепени со одредени коментари и размислувања. Проблематиката која е предмет на обработка, воедно е поткрепена со релевантни научноистражувачки библиографски податоци, периодични списанија и интернет страници. Посебна вредност на оваа теоретска разработка е функционирањето на јавно-здравствениот систем со сите предноси и слабости, како и пристапот, доследноста и систематичноста на авторот во разгледување на различните елементи на системот. Дополнително е истакнато значењето на здравствената економија и нејзината примена во системот, потоа купувачката функција

врз основа на која се врши пренамена на финансиските средства коишто се акумулирани од различни извори на собирање со цел да се обезбедат одредени здравствени добра и услуги. Во учебникот, исто така, последователно се анализирани и разгледани главните методи на плаќање на лекарските услуги и методите за плаќање на болничките услуги. Се истакнуваат ефектите од различните методи на плаќање и начинот на којшто овие методи треба да се спроведуваат според договорените критериуми.

Со други зборови, трудот претставува образовен и научен израз приспособен за потребите на наставната програма од областа на здравствениот менаџмент, а секако дека истиот ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" -Штип. Ракописот е претставен во текст од вкупно 339 страници, поткрепени со 16 илустрации, 2 графикона и 6 табеларни прегледи. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Ariel, а големината на буквите е 12. Исто така, предложениот труд во целост ја покрива наставната материја во согласност со фондот на часови (3+2+1) што е предвидена со наставната програма. Конкретно трудот под наслов „Современи тенденции на јавното здравство" е приспособен, пред сè, на Наставната програма на насоката Здравствен менаџмент на Економкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Истиот, како капитално дело може да го користат и студенти запишани на втор циклус студии, како и сите оние јавно-здравствени менаџери кои во истражувачката работа имаат потреба за следење на современите тенденции од областа на здравството и здравствената заштита.

***3. Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Наслов на трудот „Современи тенденции на јавното здравство" од авторот проф. д-р Круме Николоски е од исклучителна и значајна вредност, затоа што истиот обработува проблематика што е недоволно истражена и во тој контекст досега нема објавено сличен учебник. Затоа, научната и практичната цел е да се опфатат прашањата и проблемите во јавното здравство со силно издеференцирана област на истражување. Посебна вредност на научната цел на авторот е содржината на трудот да најде своја примена во сите јавни и приватни здравствени организации и институции кои на интерен или екстерен начин ги презентираат своите согледувања, резултати од нивното работење, како и за преземање на соодветни одлуки во процесот на заштита на националното здравје на популацијата. Затоа овој труд го сметаме од интерес за научната и другата јавност од областа на здравството и здравствената заштита. Имено, овој труд според својата содржина се одликува со оригиналност и посебни карактеристики на квалитетно обработената материја.

***4. Краток опис на содржината***

Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа и научната проценка. Прво, спектарот на јавното здравство е клучна претпоставка за детектирање на проблемите и тенденциите во јавното здравство. Потоа намалувањето на морбидитетот и морталитетот на популацијата, кои се покажале исклучително ефективни со преземените превентивни мерки во процесот на менаџерање со јавно-здравствените установи. Второ, во јавно-здравствениот систем со сета негова комплексност се согледани основните елементи и нивното функционирање, како и целите кои треба да ги постигне секој успешно мерлив систем. Оттука, анализата е започната со примери, прашања и решенија на здравствените проблеми и прашања и ниво решавање во рамките на системот. Сето ова овозможува долгорочно да се рационализираат трошоците и здравствените услуги, обемот, структурата и централната тенденција на јавното здравство. Трето, разгледани се прашањата кои се од национален интерес за секоја земја. Прашањата се поврзани со една и единствена цел, а таа е да имаме здрава популација и квалитетна здравствена заштита. Со други зборови, одговорноста за здравјето на нацијата подразбира превенција од болести, но и финансирање и претплата на јавно-здравствените услуги.

Во овој контекст, се потенцира значењето на националната јавно-здравствена политика којашто постепено треба да презема адекватни активности за унапредување на здравјето, изградба на структура за евалуација на здравјето и модифицирање на полити-

ките согласно со менливите потреби во процесот на реформи на еден јавно-здравствен систем. Понатаму, вниманието е насочено кон разоткривање на организацијата на јавно-здравствената заштита, со цел да се прикаже системот на јавното здравство како широк спектар на организирани мерки и активности, коишто не само што се занимаваат со обезбедување на сите видови превентивни и терапевтски јавно здравствени услуги, туку и со многу други есенцијални елементи неопходни за функционирање на оранизацијата на јавно здравствената заштита.

Авторот го потенцира значењето од познавање на јавно-здравствениот систем и негово функционирање, затоа што само тој ќе им овозможи на студентите и на менаџерите да ги откријат проблемите и да ги утврдат потребите за здравството и здравствената заштита. Во однос на ова посебно се обрнува внимание на користењето на здравствените информациски системи. Исто така, посветено е внимание на мерливиот јавно-здравствен систем и начинот на негово функционирање во обезбедување на соодветна здравствена заштита. Исто така, за секоја земја најзначајниот придонес врз здравјето на нејзината популација ќе биде воведувањето на организирани системи за обезбедување на здравствена заштита. Покрај сето ова, потенцирана е и одговорноста за ефикасно и ефективно извршување на сите активности на системот на јавното здравство во насока на обезбедување на квалитетна здравствена заштита на сите нивоа на јавно-здравствен систем. Јавно-здравствениот систем се конституира и под влијание на политичките услови во една земја. Затоа, секој јавно-здравствен систем во обезбедувањето на еднаква здравствена заштита ги зема предвид евидентираните јавно-здравствени проблеми и потреби на индивидуата и општеството согласно со стратегиите и приоритетите за превенција од болести и унапредување на здравјето.

***Содржината на учебникот ги опфаќа следниве подрачја:***

1. Спектарот на јавното здравство;
2. Организација на јавно-здравствената заштита;
3. Јавно-здравствен менаџмент;
4. Функционирање и мерење на јавно-здравствениот систем;
5. Здравствено информациски ситеми;
6. Примена на економијата во здравството и здравствената заштита;
7. Купување на здравствена заштита;
8. Методи на плаќање;
9. Јавно-здравствена политика.

***5. Резиме на трудот***

Трудот под наслов „Современи тенденции на јавното здравство" има исклучителна вредност, затоа што јавното здравство како специфична научна област сè повеќе и повеќе добива пошироко и многу поголемо значење. Имено, текстот на трудот е стручно и стилски изедначен и секако со научен квалитет, разбирлив и приспособен за читање, односно има едукативен карактер. Со прецизни и логични изразувања, со изразен научен и методолошки пристап, авторот прикажал голем број проблеми и прашања кои се релевантни за оваа широко комплексна област.

***6. Заклучок***

Врз основа на изнесеното, ракописот на трудот од проф. д-р Круме Николоски ги исполнува потребните услови: образовни, научни и стручни, за да може да се објави како универзитетски учебник под наслов „Современи тенденции на јавното здравство". Учебникот е наменет за студентите на прв и втор циклус студии, на кои им нуди начин за поефикасно и поефективно совладување на проблематиката од областа на здравството и здравствената заштита. Исто така, него можат да го користат и сите други поединци кои се интересираат и се занимаваат со прашања од областа на менаџментот во јавното здравство. Основната цел е да се прикаже системот на јавното здравство како широк спектар на организирани мерки и активности, кои не само што се занимаваат со обезбедување на сите видови превентивни и терапевтски јавно-здравствени услуги, туку

и со многу други есенцијални елементи неопходни за функционирање на организацијата на јавно-здравствената заштита. Затоа во овој труд кој е систематизиран во девет научни подрачја ќе се пронајдат одговори на бројни прашања поврзани со практиката во процесот на управување, распределбата на финансиските средства и нивно ефикасно користење со цел во континуитет да се подобри квалитетот на здравствената заштита.

Истакнуваме дека трудот под наслов „Современи тенденции на јавното здравство" има исклучителна вредност и затоа истиот го препорачуваме да биде објавен како универзитетски учебник по предметот Јавно здравство на насоката Здравствен менаџмент.

**Ноември 2013 г.**

**РЕЦЕЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Трајко Мицески, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Фотов, с.р.**